„Верникот не може да мрази верничка (која му е сопруга), ако не му се допаѓа некоја нејзина особина, ќе му биде драга поради друго својство.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Верникот не може да мрази верничка (која му е сопруга), ако не му се допаѓа некоја нејзина особина, ќе му биде драга поради друго својство.“ Или рекол: ,,Со нешто друго."

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му забранил на сопругот да ја мрази својата сопруга до степен што тоа би довело до неправда, занемарување или нејзино избегнување. Човекот, по својата природа, има недостатоци. Затоа, ако сопругот во неа забележи некоја лоша особина, ќе најде и друга добра која ќе го задоволи. Потребно е да се задоволи со нејзините добри страни и да покаже трпение кон она што не му се допаѓа. Ова трпение и фокусот на доброто ќе го одвратат од омраза што би можела да го натера на развод.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3071